# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 1 април 2023*

## Евангелизам ориентиран кон потребите

Евангелизмот кој е ориентиран кон потребите претставува една од осумте клучни карактеристики на црквите што доживуваат раст насекаде во светот.

Кристијан Шварц вели:

„Задача на секој христијан е да ги употреби своите дарови за да им служи на нехристијаните со кои имаат лични контакти и да се погрижи тие да го чујат евангелието и да стапат во контакт со локалната црква. Клучот за раст на црквата се состои во тоа месната црква да ги насочи своите евангелски напори кон прашањата и потребите на нехристијаните.“

„Потребите“ можат да бидат физички, духовни или општествени. Како христијани мораме да научиме да „чешаме“ онаму каде што луѓето ги чеша. Го имаме секој можен доказ дека жетвата е богата. Потребно е само да го употребиме вистинскиот метод на собирање на плодовите. Во минатите две или три децении бевме сведоци на остро опаѓање на успешноста на нашиот традиционален јавен евангелски пристап, а сепак нови луѓе и понатаму доаѓаат во многу наши цркви.

Зошто? Во повеќето случаи, поради личниот евангелизам, затоа што некои верници покажуваат лично интересирање за посетителите. Ако се случува тоа како резултат на повремена, лична иницијатива, би можело да има многу поголем напредок доколку како црква сме насочени кон тоа да ги храбриме, насочуваме и да ги зајакнуваме иницијативите за служба, и да не им пречиме на тој начин што ќе ги задржуваме или ќе ја одбиваме дозволата за нова и креативна служба.

*Сабота, 8 април 2023*

## Практични чекори за подобрување на нашата служба

Што можеме да сториме за да бидеме поуспешни на ова подрачје? Вилијам Исум, советник за раст на црквата ширум светот, ве-

ли дека е потребно ново размислување, ново сфаќање, ново разбирање и нов пристап кон службата пред да се обидеме да спроведеме структурни или институционални промени. (Овие предлози сигурно можат да дадат основа за многу жива дискусија!) Исум верува дека ова ново размислување во давање на дозвола треба да подразбира дека:

- „Слободата, милоста и довербата се многу поважни од контролата и одобрувањето."

- Практикувањето на духовните дарови е повеќе библиски основано и е поуспешно од репрезентативната демократија.

- Основата на препознавањето на Божјата волја за Христовото тело повеќе спаѓа во доменот на поединецот отколку на одборот. Тоа значи дека црквите кои даваат одобрување, повеќе треба да се грижат секое лице да го пронајде своето место во одредена служба и своето место внатре во Телото, отколку за самото здравје на Телото, бидејќи, ако секој нејзин дел е здрав, и целото Тело ќе биде здраво.

- Служењето е многу поважно отколку само да се има должност и да се биде дел од некој одбор.

- Слугите ги применуваат своите духовни дарови затоа што во нивните срца се наоѓа благодарност за она што Исус Христос го направил во нивниот живот.

- Службата е помагање на луѓето, а не управување со црквата. Управувањето со црквата и донесувањето одлуки е служба само за оние кои го имаат дарот за расудување.

- Наместо водачите на црквата да бараат од луѓето да исполнат одредени должности или програми, тие на поединците треба да им го постават прашањето: „Кои дарови ги поседуваш во Христовото тело и, доколку ти помогнеме да ги употребиш, ќе можат да помогнат за напредок на Христовото дело?"

- Не толку пасторот, колку што треба лаиците да извршуваат повеќе пасторални служби и да се грижат едни за други.

- Понекогаш, наместо да ротираат од една црковна должност во друга, за време на својот живот, лаиците можат длабоко да копаат во едно подрачје од црквата и да најдат некого кого ќе го поучуваат за да ги замени.

Што мислите за ова? Некои Исумови предлози се радикални, но повеќето имаат силна библиска основа; затоа добро размислете за нив пред да донесете свој заклучок. Се надевам дека црквата ќе го земе во обѕир и ќе го прифати овој начин на размислување за напредок во нашето служење на Бога и сведочење на ближните.

*Сабота, 15 април 2023*

**Развивајте ги изјавите за визија, мисија и вредност**

Овие три изјави заедно даваат јасна, насочена слика за она во што црквата верува дека Бог ја повикал да го направи. Ако овие изјави веќе се наоѓаат на нивното место, сега е вистинскиот момент тие да се прегледаат и да се редефинираат.

Изјавата за **визија** е опис на она што црквата се надева дека ќе го постигне или дека ќе стане. Таа е поодредена од изјавата за мисија, и поставува предизвик - од точката А (местото на кое сега се наоѓа) да тргне кон точката Б (местото на кое сака да стаса).

Кога изјавите за мисија и вредностите се на своето место, црквата може да изгради стратегија на службата која ќе ѝ овозможи успешно да премине од точката А на точката Б.

Изјавата за **мисија,** колку што е можно поодредено, го дефинира она што црквата смета дека е нејзината причина за постоење и ѝ дава обележје за сите идни служби. Таа прави водачите на црквата и тимовите да го знаат точно својот пат и да останат на него. Таа треба да го претставува мислењето на црквата како целина, и да биде доволно јасна за да може да ја запомни секој верник на црквата.

Изјавата за **вредностите** ги поставува принципите кои управуваат со начинот на кој службата се спроведува, и дава можност поединецот или тимовите да ја оживеат мисијата и визијата на црквата, а да не мора да добиваат одредени одобрувања за секој детаљ од нивната избрана служба.

Со јасна визија за работа, со јасна мисионска цел пред себе, сфаќајќи ја важноста и вредноста на делото што треба да се изврши, црквата може да напредува во ширење на евангелската порака.

*Сабота, 22 април 2023*

## Дозволете да останат само функционалните структури

Црквата треба да ги препознае во своето поле на дејствување. Тие потреби се различни и за верниците и оние што живеат во опкружувањето во кое се наоѓа црквата. Кое и да е одделение или активност што не ѝ служи на мисијата на црквата, или служело па се изгубила потребата од таа служба, без разлика колку долго е дел од црковниот живот, треба да се стави во мирување и да не се дозволи и понатаму да црпи средства од црквата кои можат многу поуспешно да се употребат за нешто друго. За да може нашата црква во иднина да реагира брзо на ситуациите во службата, потребно е да поминуваме помалку време во зборување за службата, а повеќе време за нејзино извршување.

Тоа значи дека организаторската структура на мојата идна црква може да се разликува од вашата идна црква. Вашата црква може да биде многу поголема од мојата, или нашите служби за нега на црквата и нејзиниот начин на евангелизирање можат да бидат поинакви, затоа што луѓето на кои им служите имаат поинакви потреби, а нашата структура мора да биде скроена на таков начин што ќе одговара на одредените потреби.

*Сабота, 29 април 2023*

## Охрабрување за формирање тимови за служба

Тимовите за служба се мали групи составени од верници кои делат заедничка визија и носат заеднички товар за одредена, краткорочна потреба на службата. Нив не ги поставува црквата, ниту пак им дава опис на работата, туку тие ја препознаваат потребата и развиваат стратегија самите да ја исполнат. Тоа може да биде веќе постоечка група во црквата, или пак нова група која се состанува само за да ја исполни одредената потреба, а потоа се раздружува. Во една голема црква што ја посетив постоеја преку стотици такви одредени тимови за служба, вклучувајќи и еден кој беше составен од

автомеханичари, чија служба се состоеше од тоа бесплатно да им ги поправаат автомобилите на оние кои не се во состојба да платат. Неколкумина од нив станале христијани како разултат на нивното несебично дело на љубов.

Еден од предностите на овој систем е во тоа што тимовите за служба можат самите да се издржуваат. Нивните одбрани служби обично бараат пожртвуваност - повеќе време отколку пари, а парите што им се потребни, тие се во состојба самите да ги соберат. Овој пристап кон службата е принцип кој мојата идна црква треба сериозно да го разгледа.

*Сабота, 6 мај 2023*

## Обнова на постоечките цркви

Амбициозните цркви кои доживуваат раст се слични на амбициозните луѓе. Тие својот живот го живеат минувајќи долини и планини, а секоја планина е малку повисока од претходната. Всушност, повеќе време поминуваме во долините отколку во качување по планините. А тоа не е толку лошо. Долините се многу поплодни од планините, а преку секојдневниот живот и вообичаените задачи во долината луѓето и црквите најдобро растат. Но, потребна ни е цел. Не сме предодредени целиот живот да останеме во иста долина. Погледот кон следниот планински врв и желбата да се искачиме, прават постојано да се движиме.

Ништо толку не нѐ оживува духовно како припадноста на црква која штотуку се здобила со нова, заедничка визија за следната „планина“ на која Бог ја повикува да се искачи. Таа е горда на своето минато и благодарна на своите основачи, но одеднаш повеќе внимание посветува на качувањето отколку на долината која е зад неа. (Велам „одеднаш“, бидејќи се чини дека така и се случува, исто како со раѓањето. Тоа долго се очекува, но кога ќе се случи, тоа навистина брзо се случува! Визијата повеќе се ‚фаќа‘ отколку што се поучува).

За жал, за некои цркви одамна минало времето кога биле на врвот на планината, па идејата за напредување одамна ја снемало. Тие

од практични причини дошле до крајот на патот. Веќе го доживуваат паѓањето кое доаѓа со староста и немоќта. Приклучени на машина која ги одржува во живот, тие се наоѓаат во модалитетот на преживување, се држат цврсто за да го сочуваат својот живот до Второто доаѓање. Дали е премногу доцна таквите цркви да доживеат воскресение?

Добра вест е што ниту една црква, без разлика колку е мала, не мора да ја помине точката од која нема враќање и да умре. Исто како што искуството на „новородувањето“ им стои на располагање на сите, без разлика на староста или на околностите, таквото искуство на ново раѓање ѝ стои на располагање на секоја црква. Без разлика дали во овој момент се наоѓа на некое свое духовно патување, црквата може да биде обновена и засилена. И покрај тоа што сѐ тече прилично добро, а убедени сте дека може да биде многу подобро, вашата црква може да се издигне до нови висини. Само Небото знае како може да се оствари тоа во овој момент.

*Сабота, 13 мај 2023*

## Услови за обнова на црквата

**Вера во иднината.** Тоа е друг начин да се каже „вера во Бога“, бидејќи Тој е Господар на иднината, исто како што е и Господар на минатото. Кога Никодим прашал како се случува чудото на новородувањето, Исус објаснил дека, и покрај тоа што самото чудо е дело на Светиот Дух, нашиот удел е да веруваме, да имаме доверба дека Исус може и сака да ни даде живот. Без разлика на тоа кој сте како личност, кој сте во вашата црква, какво е вашето влијание, верувајте во иднината на својата црква. Уште повеќе, молете се да го споделите вашиот оптимизам за иднината со другите. Заедно со другите, преку молитва, почнете да ги сонувате сништата и да ја гледате визијата на вашата идна црква, онака како што Библијата вели. Менталната слика на вашата идна црква, иако не е јасна во секој детаљ, ви дава план според кој можете да градите.

**Свето незадоволство врзано за сегашната состојба.** Едно е да се префрла вината на црквата и ништо да не се презема за да се подобрат работите; тоа е деструктивно. Сосема е друго да бидете незадоволен од сегашната состојба, дури и кога работите најдобро што можете. Тоа е конструктивно. Тоа исто така значи дека ве вознемирува самиот Бог и Тој веројатно ги вознемирува и другите. Доколку доволно верници станат свесни дека Бог се обидува нешто важно да ѝ каже на црквата, можат да се случат големи промени. Секогаш кога Светиот Дух бил присутен во раната црква, Тој го нишал чамецот во еден или во друг правец, но ја доведувал до целта.

**Ослободување од минатото.** Не треба да ги заборавиме достигнувањата во минатото, но не можеме да го вратиме назад часовникот и нема никаква смисла да трошиме енергија обидувајќи се тоа повторно да го сториме. Ние навистина живееме во друг свет; според тоа, целите и достигнувањата од минатото не можат да служат како мерно средство за целите и достигнувањата што ги поставуваме за во иднина. Треба да го прославуваме минатото, но како што вели Џорџ Барн: „Иднината не се освојува со оживување на минатото“.

**Посветеност.** Веројатно било потребно одредено време за вашата црква да го достигне својот сегашен идентитет, и тоа не може да се смени преку ноќ. За процесот на оживување на црквата, потребно е многу повеќе време од една седмица на богослужение. Како што видовме, веројатно се потребни промени во структурата, во активностите, во правецот и во самото размислување на црквата. Дури и поставувањето мрежа од мали групи како основна служба бара обучување и содржи проби и грешки кои можат да траат и до две години пред црквата да може да застане на следниот планински врв и во потполност да премине во ново, значајно, потполно функционално библиско друштво. За тоа е потребна преданост, особено од страна на пасторот и на локалното водство.

**Тешка работа.** Слично на христијанскиот живот, и изградбата на христијанската црква не може да биде лесно. Црквата е тврдо подрачје - работна средина... црквата нема да расте доколку локалните христијани не се предадат себеси и не се насочат да го прават она што е исправно...

Според Павловиот сложен опис на метафората за полето/градилиштето во 1. Коринќаните 3. неизбежно е, црквата која расте и се изградува, да бара вложување и труд. Ако сериозно сакаме Светиот Дух на нашата црква да ѝ даде нови сили за живот, мораме да се подготвиме за следното:

- чести состаноци за да зајакне визијата и да стане појасна;

- истражување на околината за да се утврдат потребите на општественото опкружување;

- подготвување, најнапред на водачите а потоа на секој верник, за служба; развивање и применување на пристапот за евангелизација преку координираност, траен план за сеидбата, жетвата и негувањето;

- повеќе општествени и социјални случувања отколку она на што досега сме навикнале;

- подобро планирано и спроведено богослужение;

- чисти и средени места за богослужение;

- повеќе посети за време на молитвените состаноци, младинските состаноци;

- поучување на вештината на проучување на Библијата со пријатели и уште многу други нешта. Ова дефинитивно не е работа од девет до пет часот попладне!

Размислување „надвор од кутијата“. Тоа значи, размислување за можностите за кои никогаш порано не сте размислувале. Тоа значи поставување на прашања за сето она што го работи црквата и дали постои подобар начин на кој тоа може да се направи. Тоа значи гледање од она што го прават другите цркви, со цел да видиме дали можеме да научиме нешто од нив. Тоа може дури и да значи помислување и на незамисливото, да се работи онака како што никогаш порано не се работело, и согледување на работата во нова светлина. Речиси сѐ што работел Исус (а особено во сабота) било „надвор од кутијата“ на традиционалното еврејско размислување, а многумина поради тоа го презирале. Но, ние го сакаме Него и учиме од неговиот пример; верувам дека Тој сака да се обидеме да се однесуваме како што се однесувал Тој.

*Сабота, 20 мај 2023*

## Основање на нова црква

Според Питер Роенфелт, „Организацијата на црквите значи започнување со нови цркви за необратените групи луѓе или, пак, во дотогаш недостапните подрачја или градови.“ Тоа започнало со самиот налог во евангелието, а апостол Павле бил пионер во организирањето на црквите со полно работно време.

Во своите рани денови Адвентистичката црква била движење кое го организирале црквите, но нејзиниот пораст во текот на минатите децении од нејзиното постоење повеќе може да се припише на основањето на нови цркви, отколку на развивањето на веќе постоечките. Платените проповедници, наместо да бидат „врзани“ за одржување на службата во постоечките цркви, помалку или повеќе морале да ги организираат новите цркви. Џемс Вајт пишувал за новите или млади пастори: „Ниту еден пастор не може да стане подобар како тогаш кога ќе навлезе во ново поле... Ако е успешен во подигање на цркви и во нивното организирање, така што тие можат да донесат добар род, тој на своите браќа им дава најдобар доказ дека е испратен од Бога.“

Претседателот на Адвентистичката во тоа време, А. Г. Даниелс, бил подеднакво воодушевен од потребата за напредок и организација на нови цркви, и покрај тоа што имал друга причина. Тој напишал: „Тогаш кога ќе престанеме да работиме на напредокот на ова дело и кога ќе се сместиме во своите цркви, да останеме во нив и да мислиме наместо нив, да се молиме наместо нив и да работиме наместо нив, тогаш нашите цркви ќе почнат да слабеат и да го губат својот живот и својот дух, ќе станат парализирани и филозофски настоени, а нашето дело ќе почне да пропаѓа.“

Кој може да каже дека тој не е во право?

*Сабота, 27 мај 2023*

## Потреба за нови бебиња

Како што веќе видовме, сосема одвоено од фактот дека во многу земји има стотици градови и места каде што нема адвентистич-

ка црква, на денешниот свет му се потребни различни цркви за различни луѓе. Но, постојат и други причини зошто сериозно треба да размислиме за оваа можност. Истражувањето за организирање на нови цркви покажало дека:

- Тоа е најуспешен облик на евангелизирање;

- Тоа донесува нов живот и виталност кај поединците и родителската црква. Спротивно на стравовите и очекувањата на црквата, дека доколку се „откаже“ од некои свои најнадарени водачи за да организира нова црква, меѓу останатите верници веднаш се појавуваат нови водачи и внесуваат нова смисла во животот на веќе постоечката црква;

- Таквата црква има визија пред себе. Таа ги охрабрува новите, креативни пристапи на службата;

- Таа служи за да ја потсети црквата на нејзината вистинска причина за постоење.

Мораме некако да најдеме начин за да ги „пуштиме“ и да ги осоколиме пасторите и верниците лаици, кои ги имаат неопходните дарови за да започнат со организирање на нови и поинакви цркви.

*Сабота, 3 јуни 2023*

## Долгорочно планирање на богослужението

Богослужението е спонтана и прекрасна реакција на срцето кон Бога и Божјото дејствување во нашиот живот. Сепак, за да ги задоволиме потребите на многу луѓе, мораме внимателно да размислиме како да се погрижиме во текот на одредено време богослужението доволно да варира за да ги исполни различните потреби на верниците и да им овозможи урамнотежена богослужбена „исхрана“.

Во многу цркви таквото долгорочно планирање го прави само пасторот, или пасторот заедно со одборот на старешини. Одборот за богослужение може да помогне во ова на следните начини:

- Препознавање на потребите на црквата;

- Предложување на тримесечни или месечни теми и поедини теми за проповед за да се постигне сигурен проток или напредок на искуства од едно богослужение на друго;

- Употреба на креативност во планирањето на посебни богослужбени настани како што се крштевања, посветувања, ракоположувања, концерти на духовна музика...;

- Помагање при повик на говорниците и водачите на богослужението околу организирањето на богослуженијата.

- Таквото долгорочно планирање треба да се извршува за време на тримесечниот состанок на одборот за богослужение, кој е планиран само за оваа цел. Идеално е широкиот нацрт за даденото тримесечје (вклучувајќи ги и темите на месецот/тримесечјето и говорниците) да биде готов барем едно тримесечје однапред.

*Сабота, 10 јуни 2023*

**Сведочи за Бога и тогаш кога е тешко**

**„Те заколнувам пред Бога и Христа Исуса, кој е готов да им суди на живите и мртвите, со неговото јавување и Неговото царство: Проповедај го словото, настојувај во време и во невреме, изобличувај, прекорувај, охрабрувај со сета трпеливост и со поука" (2. Тимотеј 4,1.2).**

Овие непосредни и топли зборови ги изнесуваат јасните предности и должности на Христовиот следбеник. Тој ќе ја проповеда Божјата реч, а не мислењето и преданието на луѓето; не, пријатни приказни кои предизвикуваат возбудување и ја поттикнуваат мечтата. Тој не се вознесува себеси, туку како Божји слуга го воздигнува Бога и Неговата Реч. Божјиот слуга треба да ја познава порака та што ја изнесува, но и времето во коешто живее. Нашето време бара голема подготовка и добро познавање на Божјата Реч.

Да се сетиме на пророкот Еремија кој морал да го претскаже Вавилонското ропство. Зборувајќи го она што му го наредил Бог, бил фрлен во затвор. Тогаш се молел на Бога: „И реков во себеси: 'Веќе не ќе мислам на Него, ниту ќе зборувам во Негово име!' Но тогаш во моето срце беше како распламенат оган, запретан во моите коски: Напразно се трудев да издржам, не можев повеќе" (Еремија 20,9).

**Не жали се кога имаш неуспех.** Да не очекуваме луѓето да ја пофалат нашата работа. Да не се мачиме да им угодиме на луѓето. Тоа

никогаш нема да успееме. Иако ќе доживуваме неуспех во работата, а можеби и разочарување, да продолжиме да работиме и да го опоменуваме светот за Христовото скорешно доаѓање во сета негова слава и сила. Бог ќе ги благослови нашите искрени напори во спасување на искрените души.

*Сабота, 17 јуни 2023*

**Зошто некои ја напуштаат црквата**

Животот во црквата е динамичен. Секогаш кога црквата напредува ние се радуваме. Но, за жал, има и непријател кој сака да го спречи тој напредок. Затоа се случува и тоа да слушнеме дека некој се одалечил од црквата. Тоа не треба да не изненади особено во ова последно време за кое знаеме дека Исус рекол: „А оваа парабола значи: семето е словото Божјо. Она што падна покрај патот, се оние кои слушаат, но потоа доаѓа ѓаволот и им го зема словото од срцата нивни, за да не поверуваат и да не се спасат", а исто така вели: „Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта." Постојат повеќе причини за тоа, па да видиме што кажуваат некои од нив:

- Недоверба дека во својот живот ќе го доживеат Бога, како што им е ветено од проповедниците;
- Недостаток од поддршка во време кога имаат некое лично обесхрабрување или духовна криза;
- Чувство за личен неуспех и немоќност да живеат според библиските принципи;
- Негативните искуства со други верници или водачи на црквата, на пример озборување, предрасуди, ставови, осудувања;
- Црквата почнува да станува не толку значајна во секојдневниот живот;
- Брак со лице кое не е адвентист;
- Преселба во друг град каде што не се чувствуваат пријатно во новата црква;
- Општа разочараност од организацијата и чувство дека таа треба да работи подобро.

Овие факти сите нè загрижуваат. Додека околу нас посматраме и сме сведоци дека постои обновено интересирање за духовното, за овие проблеми не можеме едноставно да го обвиниме „светот“ или да кажеме дека постои „недостаток на посветеност“. Не можеме ниту да речеме дека луѓето овие денови се презафатени, бидејќи тие обично, за она што сакаат да го прават, наоѓаат доволно време да го остварат тоа. Причините можат да бидат и надворешни и внатрешни. Но некогаш можеби мораме да се соочиме со непријатната веројатност дека можеби дел од проблемот сум јас, и дека како црква можеме на каков и да е начин да бидеме одговорни за тешкотиите со кои сега се соочуваме.

Да се молиме за овие браќа и сестри, но да се молиме и за нас – Бог да ни даде мудрост како да постапуваме едни кон други кога ќе настапат проблеми какви што веќе беа набројани.

„Бог на нашиот Господ Исус Христос, Таткото на славата, да ви даде дух на мудрост и откровение во вистинското познавање на Него: и да ги избистри очите на вашето срце, за да знаете каква е надежта на Неговото повикување, колкаво е богатството на Неговото славно наследство“ (Ефесјаните 1,17.18).

*Сабота, 24 јуни 2023*

## Христови помошници

**„Бдеј и зацврсти го она што е на умирање“ (Откровение 3,2).**

**„Зашто, платата, што ја дава гревот, е смрт“ (Римјаните 6,23).**

Синџирите на гревот и смртта можел да ги раскине само Божјиот Син, Господ Исус. Тој умрел и воскреснал од мртвите и ги раскинал синџирите на смртта на оние луѓе кои му дозволиле да влезе во нивниот живот, Тој да го преземе кормилото и да ги раскине синџирите на гревот со кои ги оковал сатаната. Како можеме да останеме смирени додека гледаме како луѓето умираат во незнаење за Бога, како живеат и тонат во нивните гревови и пороци. Ние сме искусиле што значи да се биде ослободен од стегите на гревот, и имаме надеж во Исуса кој ги раскинал синџирите на смртта. Ние се наде-

ваме во животот што Тој ни го ветил и со таа надеж стануваме негови сведоци, негови помошници во објавувањето не само на радосната вест за спасението, туку во објавувањето на итноста за спасување на луѓето од темнината на гревот, од синџирите со кои сатаната ги врзал луѓето и се бори да ги задржи што подалеку од Христа. Ние, кои знаеме што направил и што прави Христос сега за нас, не сакаме да ги оставиме нашите ближни на оваа земја во канџите на сатаната. Сакаме денот на Христовото доаѓање и за нив да биде ден на радост, ден на воскресение од мртвите, на што ние самите толку топло се надеваме.

Пред малку го прочитавме само првиот дел од стихот во Римјаните 6,23: „Зашто, платата, што ја дава гревот, е смрт." Но понатаму апостол Павле вели „а подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ."

Дали ја сфаќаме навистина реалноста на оваа изјава - вечен живот. ***Вечен живот во Христа!***

Свесни сме дека неволјите навалуваат со својата немилосрдна жестокост. Гледаме земјотреси, гледаме страдања пред кои луѓето стојат збунети, со тага во срцето, со страв и неизвесно исчекување. Многумина умираат без трошка надеж, без трошка радост, без знаење дека можат да имаат во Христа вечен живот.

Малата Милица го загубила својот братучед, кој имал само една година. Не разбирајќи што се случило со нејзиниот роднина, таа посматрала како родителите го ставаат во малиот ковчег. Тогаш Милица рекла: „Мамо, тој сега е како кукла во кутија. Оваа ноќ нека спие заедно со мојата кукла, а јас изутрина ќе ги повикам да дојдат на појадок".

Така ќе биде и со оние кои во утрото на воскресението ќе станат од своите гробови. Тие сега само спијат, ни вели Библијата. Колку убава надеж. Колку прекрасна вест која треба да им ја однесеме на нашите ближни?

Да појдеме со Божја сила и ревносно да ги зацврстиме оние кои се духовно слаби и кои полека го занемаруваат своето спасение. Да појдеме во Божје име да ги охрабриме оние кои се склони духовно да паднат, да им бидеме поткрепа на изнемоштените и напатените. Да бидеме она што Христос сака да бидеме.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2023**
**Мисионски стихови**

**Издава:**
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите
на седмиот ден

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**